РепубликаСеверна
Македонија

ДРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР

Република Северна Ма...
Republika e Maqedonisë ...
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ...
QENDRA SHTETËRORE E PROVIME...
01-97/3
29.01.26

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2025 ГОДИНА

*Скопје, јануари 2026 година*

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД.....6
2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ.....7
3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ.....9
4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА.....10
5. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2025 ГОДИНА.....12

5. 1 ДРЖАВНА МАТУРА.....12

5. 2 ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ.....17

5.3 ОБУКИ И ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА, СРЕДНИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ И ОТВОРЕНИ ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ.....19

5. 4 СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ.....21

5.5 МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ (ПИСА, ТИМСС, ПИРЛС, ТАЛИС, ИЦИЛС И ИЦЦС).....22

5.1. НОРМАТИВНО-ПРАВНО РАБОТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ.....27

5.7 ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ.....28

5.8 ЗАЕДНИЧКИ И ОПШТИ РАБОТИ.....30

6. УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ, КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ И ДРУГИ НАСТАНИ.....31
7. АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТАРОТ.....33
8. СОРАБОТКА.....33


Прилог: Финансиски извештај на Државниот испитен центар за 2025 година

# 1. ВОВЕД

Државниот испитен центар (во понатамошниот текст Центарот) е формиран согласно Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18). Центарот започна со работа како јавна установа со својство на правно лице на 20.11.2009 година. Надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за Државниот испитен центар врши Министерството за образование и наука.

Во Извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2025 година се содржани информациите за реализираните работи и работни задачи во текот на годината. Во збирниот приказ, се дадени спроведените активности од Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2025 година, како и вонпрограмските активности и задачи доделени од Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука. Овој документ е подготвен со цел да се согледа реалната слика на постигањата од реализираните задачи од Програмата за работа на Државниот испитен центар и тој се изготвува врз основа на поединечните извештаи на вработените во одделенијата на секторите.

Извештајот се однесува на периодот јануари – декември 2025 година и се темели на приказот на реализираните активности во:

- Секторот за испити, ИТ и истражувања:
  1. Одделението за оценувања и испити;
  2. Одделението за ИТ и компјутерска обработка на податоци и
  3. Одделението за истражување, организација и развој.
- Секторот за обуки и издавачка дејност:
  1. Одделението за обуки и
  2. Одделението за издавачка дејност.
- Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи и
- Одделението за финансиски прашања.

Во секторите и одделенијата се реализирани задачи за: спроведување на екстерните испити на државната матура, спроведување меѓународни тестирања, спроведување на стручниот испит за наставници и стручни соработници, државното тестирање, обуките на кандидатите за директори, како и полагањето на испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење.

## 2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

За остварување на работите од својот делокруг, Центарот, согласно Законот за Државниот испитен центар, Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, Закон за стручно образование и обука и подзаконските акти кои произлегуваат од нив:

- доставува до Државниот матурски одбор: Предлог-концепција за испитите на крајот од средното образование, Предлог-правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, приспособувањето за учениците со попречености, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура; Предлог-правилник за составот и начинот на работа на телата поврзани со сите видови испити за завршување на средното образование; Предлог-правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, приспособувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од училишната гимназиска матура, училишната стручна матура и училишната уметничка матура; Предлог-прагови за преодна и одлична оценка за екстерните испити на државна матурата; Предлог-извештај за резултатите од екстерните испити на државната матура во учебната 2024/2025 година, како и други документи кои се во негова надлежност;
- изготвува тестови и други испитни материјали за општообразовните предмети од државната матура, кои се реализираат екстерно;
- го развива и го одржува информацискиот систем за вреднување на постигањата на учениците на екстерните испити во државната матура;
- им дава стручна поддршка на наставниците од областа на сумативното оценување на учениците, подготвува стручни материјали и врши обука на наставниците во врска со оценувањето на постигањата на учениците на испитите од матурата и завршниот испит;
- врши организациски и технички задачи за спроведувањето на екстерните испити од државната матура;
- обезбедува тајност при подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал;
- го организира, реализира и контролира процесот на оценување на тестовите од екстерните испити на државната матура, како и процесот на решавање приговори;
- ги објавува резултатите од екстерните испити на државната матура;
- врши стручно-административни и финансиски работи за потребите на Државниот матурски одбор;
- подготвува и спроведува меѓународни тестирања согласно меѓународно пропишаните процедури за нив и соработува со меѓународни институции од областа на оценувањето;
- подготвува и реализира државни тестирања во основното и средното образование;
- изготвува и ревидира испитни програми, тестови и други испитни материјали за предметите за државните тестирања;
- доставува до министерот Предлог-концепција за државните тестирања, со утврдени периоди, циклуси и области на тестирање;
- организира и спроведува стручен испит за наставници и стручни соработници од училиштата;

- издава уверенија за положен стручен испит;
- организира и спроведува основна обука за кандидатите за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- го спроведува испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- им издава уверенија на кандидатите кои го положиле испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- учествува во изготвување на годишна предлог-програма за професионално усовршување и напредување на наставниците и стручните соработници;
- ги објавува развојните и годишните програми за работа на училиштата, извештаите од спроведените самоевалуации и интегрални евалуации, извештаите од постигањата на учениците од училиштата на државни и меѓународни мерења, електронски, на посебен веб-портал;
- врши избор, распределба, обука и/или координација на соработници;
- изготвува и издава стручни материјали и стручна литература од делокругот на своето работење;
- учествува во изготвување законски и подзаконски акти од делокругот на своето работење;
- врши и други работи утврдени со закон и со Статутот на Државниот испитен центар.

При извршувањето на своите работи, Центарот соработува со научни установи, воспитно-образовни институции и други сродни установи и институции во државата и во светот.

Центарот навремено ја информира јавноста за извршувањето на својата дејност.

# 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

Со Центарот управува Управен одбор кој има претседател и шест члена. Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Северна Македонија, имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците на чии јазици и писма се остварува наставата во основното и средното образование.

Со работата на Центарот раководи директор, кој е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за образование и наука.

Директорот на Државниот испитен центар има заменик, кој, исто така, е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија.

Центарот има Стручен колегиум кој го сочинуваат директорот на Центарот, заменик-директорот на Центарот и раководителите на секторите, а по потреба и раководителите на одделенијата и други вработени кои ќе ги определи директорот на Центарот.

Организацијата на Центарот е уредена врз основа на Законот за Државниот испитен центар, Статутот на Центарот и Правилникот за работа и внатрешна организација на Државниот испитен центар.

Организациската структура на Центарот е следната:

ОРГАНОГРАМ НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР



# 4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Во Центарот се вработени 26 лица, кои се вклучени во организирање и спроведување на планираните програмски задачи.

Образовната структура на вработените во Центарот е следната:

| Стручна подготовка | Број на вработени |
|---|---|
| доктори на науки | 2 |
| магистри | 7 |
| високо образование | 12 |
| више образование | 0 |
| средно образование | 5 |
| основно образование | 0 |
| Вкупно | 26 |

Сите вработени, освен директорот и заменик-директорот кои се именуваат од Владата на Република Северна Македонија, се вработени на неопределено работно време.

| Структура на вработените по звање | Број на вработени |
|---|---|
| раководител на сектор | 1 |
| раководител на одделение | 4 |
| советник | 9 |
| виш соработник | 1 |
| соработник | 0 |
| помлад соработник | 3 |
| самостоен референт | 4 |
| виш референт | 1 |
| референт | 0 |
| помлад референт | 0 |
| помошно-технички лица за обезбедување објекти и опрема | 3 |
| Вкупно | 26 |

Во 2025 година имаме 1 (едно) спогодбено раскинување на договорот за вработување на позицијата советник за организација на обуки и анализи и на 3 (тројца) вработени им престанал работниот однос, поради остварување на правото на старосна пензија, и тоа на позициите: раководител на Одделението за испити и оценувања, советник за истражувања, анализа и развој и виш референт за организација на обуки.

Во 2025 година имаме три нови вработувања, и тоа на работните позиции:

- советник за македонски јазик и литература;
- советник за издавачка дејност и превод на албански јазик;
- помлад соработник за компјутерска обработка на податоци.

Вработувањето за работното место помлад соработник за нормативно-правни работи е во тек.

Поради сложената природа на работата во Центарот, одделни задачи се преклопуваат во повеќе организациски единици (сектори и одделенија), што наметнува потреба од практикување тимска работа и постојана соработка меѓу вработените.

# 5. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2025 ГОДИНА

Државниот испитен центар во 2025 година својата темелна активност ја насочи кон реализација на следните глобални задачи:

- подготовување и спроведување на државната матура;
- подготовка за спроведување на државна стручна матура и државна уметничка матура;
- подготовка на Концепција за испити на крајот на средното образование и подзаконски акти за реализација на испитите;
- подготовка и реализација на основна обука за испит на кандидатите за директори на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- организација и спроведување на стручен испит за наставници и стручни соработници;
- анализа на податоците и подготовка на извештај од главното тестирање во петто одделение во рамките на државното тестирање;
- подготовка и спроведување на преттестирањето во трето одделение во основното образование, во рамките на државното тестирање;
- анализа на податоците од главното тестирање од меѓународната студија ТИМСС 2023 во четврто одделение;
- прочистување на податоците и анализа на податоците од лонгитудиналната меѓународна студија ТИМСС 2023 во петто одделение;
- прочистување на податоците од меѓународното истражување ТАЛИС 2024;
- анализа на податоците од ПИСА 2022;
- подготовка и спроведување на главното тестирање за ПИСА 2025;
- подготовка и спроведување на пробното тестирање за ПИРЛС 2026;
- избор на примерок и превод на испитни материјали за пробното тестирање за ИЦЦС 2027;
- учество во подготвување измени и дополнувања на законски и подзаконски акти.

Програмските активности на Центарот, како јавна установа, се спроведуваат согласно приоритетните политики на Владата на РС Македонија и Министерството за образование и наука.

Државниот испитен центар својата работа ја организира и врши по организациски единици – сектори и одделенија.

Во продолжение, подетално ќе бидат прикажани активностите на Центарот за 2025 година.

## 5. 1 ДРЖАВНА МАТУРА

Пријавувањето и подготовките за државната матура во 2025 година започнаа согласно **Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование и Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование.** Во јунскиот испитен рок, во рамките на државната матура во учебната 2024/2025 година, се пријавија да полагаат вкупно 15.004 ученици/матуранти, што претставува

мало зголемување во однос на претходната година (во учебната 2023/2024 биле пријавени 14.834 матуранти), од кои 5.965 од гимназиското образование, 8.817 ученици од стручното образование и 222 ученика од уметничко образование. Од вкупниот број пријавени матуранти, според наставен јазик, 10.158 се на македонски наставен јазик, 4.528 на албански наставен јазик и 308 на турски наставен јазик. За сите кандидати беа создадени и испечатени протоколи, распоред на полагање по предмети, простории и кандидати и листи со бар-кодови за ученици. Согласно Планот со временска рамка за реализација на државната матура, беа изготвени по три испитни комплети за 12 екстерни испити.

Изготвувањето на испитниот материјал е сложена постапка составена од повеќе фази, и тоа: изработка на испитни задачи, подготовка на тест, техничко уредување на тестовите, превод на материјалот (на албански јазик и на турски јазик), лектура, процес на независно читање на тестовниот материјал и формирање конечни тестови. Потоа следуваат фазите: печатење и пакување на испитниот материјал, безбедно чување и дистрибуција на денот на испитот. Сите фази од подготовката на испитниот материјал се темелат на податоците од ИТ-системот за поддршка на државната матура (пријавување кандидати, верификација на податоците, изготвување распореди на кандидати по испитни простории, регистрирање и распоред на тестатори, евиденција на испитен материјал, кодирање, декодирање, резултати од државната матура, внесување приговори, резултати од приговори и сл.). За јунскиот и за августовскиот испитен рок беа испечатени околу 35. 000 испитни комплети (тестови, листи за ученик и листи за оценувач).

Испитите се реализираа согласно утврдениот Календар за организација на учебната 2024/2025 г. во јавните средни училишта за јунскиот и августовскиот испитен рок.

Оваа учебна година, Државниот испитен центар, во соработка со универзитетите, на училиштата кои се изјаснија дека немаат просторни услови, им обезбеди просторни услови за да ја реализираат државната матура на факултетите. На факултетите полагаа вкупно 26 училишта, и тоа на:

- Универзитетот „Гоце Делчев", Штип;
- Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово;
- Државниот универзитет во Тетово;
- Техничкиот факултет во Битола, Економскиот факултет во Прилеп, при Универзитетот Св. „Климент Охридски";
- Земјоделскиот факултет, ФИНКИ, Машинскиот факултет, Градежниот факултет, Технолошкиот факултет, Филозофскиот факултет и Филолошки факултет при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" во Скопје.

Екстерните испити од државната матура во јунскиот испитен рок се реализираа на:

- 31.5.2025 г. – Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература;
- 11.6.2025 г. – Математика, Англиски јазик, Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик, Италијански јазик, Филозофија и Естетика.

Екстерните испити од државната матура во августовскиот испитен рок се реализираа на:

- 12.8.2025 г.– Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература;
- 14.8.2025 г.– Математика, Англиски јазик, Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик, Италијански јазик, Филозофија и Естетика.

Во периодот од 12.6.2025 г. до 26.6.2025 г. се реализираше процесот на оценување во јунскиот испитен рок во три училишта во Скопје, при што учествуваа околу 200 оценувачи. Оценувачите, распределени во различни улоги, оценија вкупно 29.668 тест-книшки по сите предмети во јунскиот и во августовскиот испитен рок.

На 4.7.2025 г. (7 дена пред крајниот рок), во 8:00 часот, беа објавени резултатите од јунскиот испитен рок во училиштата. Процесот на приговори во јунскиот испитен рок се спроведе од 4.7.2025 г. до 11.7.2025 г. година. Формираните комисии, во текот на законскиот период за решавање, во јунскиот испитен рок разрешија вкупно 509 приговори, а во августовскиот испитен рок – 30 приговори.

Со одлука на Владата и МОН беше реализирана државна матура во дополнителен испитен рок. На 30 јуни се полагаше Македонски јазик и литература, а на 1 јули – Англиски јазик. Во дополнителниот испитен рок, полагаа двајца кандидати. За овој испитен рок беа изготвени апликација и нови тестови. Резултатите од дополнителниот испитен рок беа објавени заедно со резултатите на кандидатите од јунскиот испитен рок, односно на 4 јули 2025 г.

Изготвен и објавен е Извештај за резултатите од екстерните испити на државната матура за 2024/2025 година.

Согласно измените и дополнувањата на Законот за средното образование, Државниот испитен центар формираше работна група со претставници од ДИЦ, БРО и ЦРСО за изготвување на Концепцијата за испити на крајот од средното образование. Во текот на нејзиното изготвување, беа консултирани и претставници од МОН и од средните училишта. Изготвената Концепција доби позитивното мислење од Државниот матурски одбор и на 10.10.2025 г. е донесена од министерот за образование и наука. Согласно Законот, Државниот испитен центар ги изготви и подзаконските акти за имплементација на испитите на крајот од средното образование, кои беа донесени:

- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, приспособувањето за учениците со попречености, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура,
- Правилник за составот и начинот на работа на телата поврзани со сите видови испити за завршување на средното образование,
- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, приспособувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од училишната гимназиска матура, училишната стручна матура и училишната уметничка матура.

Во 2025 година беа изготвени и донесени, во соработка со БРО и ЦРСО, од министерот за образование и наука, модели на испитни програми за:

- општообразовните предмети за државната стручна матура;
- општообразовните предмети за училишната стручна матура;
- стручните предмети за државната стручна матура;
- стручните предмети за училишната стручна матура;
- за училишната уметничка матура;
- за државната уметничка матура;
- за завршниот испит.

Согласно Законот за средното образование, Државниот испитен центар учествуваше и во изготвувањето на испитните програми за: општообразовните предмети за државната стручна матура; општообразовните предмети за училишната стручна матура; општообразовните предмети

за училишната уметничка матура; општообразовните предмети за државната уметничка матура и за мајчин јазик за завршниот испит.

Со директорите и претставниците од средните училишта, како и со секретарите на училишните матурски комисии ДИЦ одржа средби за имплементација на новата Концепција.

Со цел подобра информираност на учениците за видовите на испитите на крајот од четиригодишното средно образование, беа изготвени и споделени информативни материјали.

Во периодот од септември 2025 година отпочна процесот на подготовка на испитните материјали за државната матура во учебната 2025/2026 година. Државниот испитен центар во септември 2025 година организираше работни состаноци со сите државни матурски предметни комисии, на кои беа презентирани и дискутирани резултатите од државната матура во учебната 2024/2025 г., како и се дадоа насоки за изработка на испитните задачи и тестовите за државната матура во учебната 2025/2026 година. Сите тестови за државната матура до крајот на 2025 година беа изготвени.

Во декември 2025 г. се одржа обука со новите секретари на училишните матурски комисии за процедурите за пријавување на кандидатите за државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура во учебната 2025/2026 г.

**Резултати:**

**Државна матура во учебната 2024/2025 година:**

- подготвени и објавени процедури за постапување при спроведување на државната матура во големи простории;
- прибрани податоци од училиштата за просторните услови со кои располагаат;
- подготвена апликација за државната матура за дополнителниот испитен рок;
- подготвена апликација за државната матура за августовскиот испитен рок;
- реализирана обука со тестатори и со набљудувачи;
- реализирана обука со секретарите на училишните матурски комисии за спроведување на државната матура;
- верифицирани конечни списоци на пријавени кандидати: 15.004 за јунскиот испитен рок, 1.118 кандидати за августовскиот испитен рок и 2 кандидати за дополнителниот испитен рок;
- создадени, проверени и испечатени протоколи и листи со бар-кодови за ученици, за оценувачи и резервни листи за двата испитни рока;
- подготвени нови или ревидирани веќе изготвени тестови за 12 екстерни испити (за јунскиот испитен рок, августовскиот испитен рок и резервен тест) на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) и технички уредени;
- испечатени околу 33.000 теста, 33.000 листи за одговор од ученик и 33.000 листи за оценувач (за јунскиот, августовскиот и дополнителниот испитен рок);
- шифрирани испитни материјали за сите испитни простории;
- внесени податоци, избрани и распределени 2 000 тестатори и околу 250 набљудувачи по училишта;
- изготвен план на локации за спроведување на екстерните испити од државната матура и план за дистрибуција на испитниот материјал за јунскиот и за августовскиот испитен рок;
- подготвен и доставен распоред на кандидати по испитни простории, по предмети и училишта за јунскиот и за августовскиот испитен рок;

- извршена дистрибуција и прием на целокупниот испитен материјал за деновите на спроведувањето на испитите;
- извршен прием на испитните материјали по спроведената државна матура и распределен материјал за процесот на оценување и приговори;
- евидентирани и дистрибуирани 544 кутии со испитен материјал за оценување и нивен прием по процесот на оценување;
- создадени шаблони за реализација на екстерните испити;
- оценети 28.614 теста во јунскиот испитен рок, 4 теста во дополнителната сесија и 1.054 теста во августовскиот испитен рок;
- скенирани вкупно 59.344 листи од ученик и листи од оценувач и извршена верификација и корекција;
- обработени податоци од јунскиот и од августовскиот испитен рок;
- реализиран процес на запишување оценки и перцентили;
- подготовка на база за електронска достапност на резултатите од државната матура во јунскиот и во августовскиот испитен рок;
- евидентирани, обработени и разрешени 539 приговори од кандидати за двата испитни рока;
- анализирани податоци од државната матура во учебната 2024/2025 година;
- изготвен и објавен Извештај за државна матура во учебна 2024/2025 година.

**Државна матура во учебната 2025/2026 година:**

- изготвена и донесена Концепција за испити на крај на средното образование;
- изготвени и донесени:
    - Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, приспособувањето за учениците со попречености, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура;
    - Правилник за составот и начинот на работа на телата поврзани со сите видови испити за завршување на средното образование,
    - Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, приспособувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од училишната гимназиска матура, училишната стручна матура и училишната уметничка матура.
- изготвени и донесени модели на испитни програми за:
    - општообразовните предмети за државната стручна матура;
    - општообразовните предмети за училишната стручна матура;
    - стручните предмети за државната стручна матура;
    - стручните предмети за училишната стручна матура;
    - за училишната уметничка матура;
    - за државната уметничка матура;
    - за завршниот испит.
- учество во изготвување на испитните програми за: општообразовните предмети за државната стручна матура; општообразовните предмети за училишната стручна матура; општообразовните предмети за училишната уметничка матура; општообразовните предмети за државната уметничка матура и за мајчин јазик за завршниот испит.

- одржани средби со директорите и претставници од средните училишта за имплементација на новата Концепција;
- изготвени и споделени со училиштата информативни материјали наменети за учениците за видовите испити на крајот од четиригодишното средно образование;
- изготвени Процедури за спроведување на екстерните испити од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура.
- организирани работни состаноци со државните матурски предметни комисии за презентација на резултатите од државната матура во учебната 2024/2025 и дадени задолженија за изработка на испитните задачи и тестовите за државната матура во учебната 2025/2026 година;
- изготвени тестови за државна матура за учебната 2025/2026 година;
- организирани работни состаноци со државните матурски предметни комисии за изготвување испитни задачи за државната стручна матура и за државната уметничка матура за учебната 2025/2026 година;
- обучени секретари на училишните матурски комисии за процедурите за пријавување и користење на апликациите за државната матура, за државната стручна матура и за државната уметничка матура.
- подготвени апликации за државна матура, за државна стручна матура и за државна уметничка матура за јунскиот испитен рок;
- организирани работни состаноци со директорите на сите средни училишта за реализација на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура во учебната 2025/2026 година, согласно новата Концепција за испити на крајот од средното образование.

## 5. 2 ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Организацијата и спроведувањето на државното тестирање во основното образование е надлежност на Државниот испитен центар, уредена со Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19). Според членот 133, ставот 1 од Законот, „Остварувањето на стандардите на постигнувања во текот на основното образование се проверува со државно тестирање кое се спроведува од Државниот испитен центар." Согласно Законот, во 2020 година, Државниот испитен центар му предложи на министерот за образование и наука „Концепција за државно тестирање во основното образование" и таа беше донесена од министерот со решение бр. 18-5737/1 од 12.6.2020 година.

Во 2025 година, преземени се значајни активности кои се основа за понатамошното квалитетно организирање и спроведување на државното тестирање. Согласно Концепцијата, во 2025 година Државниот испитен центар беше насочен кон:

- изработка на испитни материјали за преттестирањето во трето одделение;
- организација и спроведување на преттестирањето во трето одделение;
- анализа на податоците, подготовка и објавување на извештај од главното тестирање во петто одделение.

Резултати:

Преттестирање во трето одделение

- одржани обуки со работните групи за изработка на ајтеми за преттестирањето во трето одделение;
- ревидирани рамки за оценување за наставните предмети: Македонски јазик, Албански јазик и Математика за трето одделение;
- ревидирани ајтеми, доработени нови и избрани конечни ајтеми за преттестирањето за предметите: Математика, Македонски јазик и Албански јазик;
- изготвени 10 теста за мајчин јазик и 5 за Математика на македонски и на албански јазик;
- уредени, лекторирани и испечатени околу 4.500 теста по мајчин јазик (Македонски јазик и Албански јазик) и околу 2.500 теста по Математика (на македонски и албански јазик);
- прибрани податоци и избран примерок на училишта и ученици;
- изготвен дизајн на тестовите;
- изработени упатства за координатори и тестатори;
- избрани училишни координатори, одржани средби и обуки на училишните координатори и директорите на училиштата опфатени со примерокот;
- реализирано преттестирање во 46 училишта на македонски наставен јазик и 34 училишта на албански наставен јазик;
- изготвен софтвер за внесување на резултатите од тестовите;
- внесени во база податоци од тестовите;
- комуникација со одговорните лица од „Проектот за унапредување на основното образование".

Главно тестирање во петто одделение

- анализирани податоци од прашалниците и тестовите од главното тестирање во петто одделение;
- одржана работилница за поставување на нивоа на постигања на учениците за мајчин јазик и за Математика;
- изготвени описи на нивоата на постигања на учениците по мајчин јазик и по ;атематика;
- подготвен детален Извештај за државното тестирање на учениците од петто одделение, во кој се претставени резултатите, анализите и препораките кои произлегоа од главното тестирање;
- одржана Конференција за презентација на Извештајот од државното тестирање, на која присуствуваа претставници од сите засегнати страни и творците на образовните политики;
- одржана работилница за советници од МОН, ДПИ и БРО за дополнување на препораките и планирање на понатамошните активности за подобрување на постигањата на учениците и резултатите од државното тестирање;
- комуникација со одговорните лица од „Проектот за унапредување на основното образование".

## 5.3 ОБУКИ И ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА, СРЕДНИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ И ОТВОРЕНИ ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во Државниот испитен центар се организираат и координираат активности за спроведување основна обука на кандидатите за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење, за организација и реализација на испитот за директори, како и организација и реализација на напредните обуки на актуелните директори со важечко уверение за директор.

Главната цел на обуката за директори во Државниот испитен центар е професионално оспособување на директорите за имплементација на усвоените промени во образованието, односно за успешно раководење со ново и современо училиште.

Основната обука за кандидатите за директори се спроведува со цел кандидатите да се стекнат со потребните професионални компетенции за успешно организирање, раководење на воспитно-образовната работа и администрирање на работата во училиштето.

Државниот испитен центар објави конкурс за избор на надворешни соработници – обучувачи на кој беа избрани 5 обучувачи на албански јазик.

Секоја обука се состои од шест едукативни модули кои кандидатите ги слушаат за време на викендите и за секој модул бранат семинарска работа. Обуката се смета за успешно завршена, доколку секој кандидат задолжително присуствува на обуките за сите 6 модули и успешно ги одбрани семинарските работи, одделно, за секој модул.

Во текот на 2025 година, за основната обука се пријавиле вкупно 56 кандидати на македонски јазик и 11 кандидати на албански јазик. Беа спроведени и успешно завршени основни обуки за 4 групи, и тоа: 3 групи на македонски јазик и 1 група на албански јазик. Обуките ги реализираа обучувачи кои се избрани на јавен оглас. Обуката успешно ја завршиле 55 кандидати на македонски јазик и 11 кандидати на албански јазик.

Обуките се реализираа во Скопје во хотелот „Парк“ и во некои училишта во градот.

Во декември 2025 година, започнати се две групи на македонски јазик со вкупно 27 кандидати, при што за секоја група е реализиран само по еден модул. Наредната година кандидатите ќе ги следат останатите 5 модула и ќе се стекнат со право за полагање на испитот.

Испитотот за кандидатите за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети го спроведува испитна комисија која е составена од 5 члена: претседател и четири члена.

Во 2025 година беа спроведени 3 испитни сесии во месеците: март, јули и декември. Во мартовската сесија, сите три дела на испитот ги положија 25 кандидати, во јулската сесија – 51 кандидат, а во декемвриската испитна сесија – 17 кандидати.

За сите кандидати кои ги положија трите дела од испитот, беа изготвени уверенија за положен испит за директор, кои беа подигнати од кандидатите во просториите на Државниот испитен центар.

За сите кандидати кои се стекнале со уверение за положен испит за директор во Државниот испитен центар, континуирано се водеше онлајн-база (регистар), која се наоѓа на веб-страницата на Државниот испитен центар.

Директорите кои ќе се здобијат со уверение за положен испит за директор имаат обврска континуирано да се надградуваат и професионално да се усовршуваат. Главна цел на програмата за напредна обука е надградување на усвоените професионални компетенции на директорите во основните и средните училишта, ученичките домови и граѓанските универзитети за доживотно учење, како и нивно ефективно користење во секојдневната работа за успешно раководење со училиштето, училишниот дом или граѓанскиот универзитет. Секој актуелен директор треба да посетува по 4 обуки годишно, по 8 часа за секоја обука поединечно, односно 32 часа годишно.

Државниот испитен центар на својата веб-страница објави отворен јавен повик за пријавување и следење на напредни обуки. Обуката се организира доколку за неа се пријават минимум 20 кандидати. Услов да се следи напредна обука е лицето да е назначено за директор и да има важечко уверение за положен испит за директор.

За следење напредни обуки во 2025 година се пријавиле вкупно 270 кандидати – директори на училишта. Од Државниот испитен центар се организирани 47 обуки на 11 различни теми.

Резултати:

- одржани 4 обуки од по 6 модули (секој модул по 2 дена) на македонски и на албански јазик за кандидатите за директори на основни и средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење. Обука следеле вкупно 67 кандидати, а 66 кандидати успешно ја завршиле обуката;
- започнати 2 нови обуки со вкупно 27 кандидати и реализиран во декември по еден модул за двете групи;
- изготвени и обезбедени соодветни работни материјали за обука на македонски јазик и на албански јазик за 97 кандидати за директори;
- распишан конкурс за избор на 5 обучувачи на албански јазик за 5 модули на основната обука за кандидатите за директори;
- спроведени 3 испитни сесии во кои испитот го положиле 94 кандидати и се стекнале со уверение за положен испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- изготвени и издадени уверенија за положен испит за директор на 94 кандидати кои успешно го положиле испитот за директор;
- извршена ревизија и ажурирање на 30 % од задачите за испитот за директор и темите за завршниот семинарски труд од обучувачите (двапати во текот на 2025 година);
- извршена верификација на задачите и темите за испит од Испитната комисија;
- изготвени процедури и интерни документи за реализација на напредните обуки на актуелните директори;
- реализирани 47 напредни обуки на актуелни директори во времетраење од 8 часа;
- одговорени дописи од физички и правни лица во врска со обуката и испитот за директор;
- континуирано водена евиденција и документација за кандидатите кои ја следат обуката и го положиле испитот (во интерна електронска база на податоци и во вид на досиеја во тврда копија).

## 5. 4 СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Согласно Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20) и Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), една од надлежностите на Државниот испитен центар е и спроведување стручен испит за наставници и стручни соработници. Целта на стручниот испит е да се провери дали кандидатот во текот на приправничкиот стаж се оспособил за самостојно вршење воспитно-образовна и стручна работа и дали ги совладал компетенциите кои се потребни за еден наставник/стручен соработник.

Стручен испит полагаа сите кандидати кои го реализирале приправничкиот стаж, согласно важечките законски прописи.

Во Државниот испитен центар во 2025 година, стручниот испит се реализираше во две испитни сесии: пролетна и есенска. За двете испитни сесии беше спроведен јавен повик врз основа на кој кандидатите се пријавуваа со соодветна документација.

За пролетната испитна сесија се пријавија вкупно 422 кандидати, а за есенска 444 кандидати. За кандидатите кои ги исполнија условите за полагање се организираше испит во април и мај за пролетната испитна сесија и во октомври и ноември за есенската испитна сесија.

Во пролетната испитна сесија во 2025 година, реализацијата на стручниот испит беше комбинирана, односно комисијата беше вклучена онлајн, а наставниците со учениците беа во училиште. Исклучок беа училиштата за ученици со посебни образовни потреби, како и наставниците кои изведуваат практична настава, кај кои беше спроведен со физичко присуство во училиштата.

Во есенската испитна сесија во 2025 година, испитот се реализираше во училишта со физичко присуство на комисијата, кандидатот и учениците.

За сите кандидати кои го положиле испитот беа изготвени уверенија за положен стручен испит кои кандидатите ги подигаа во просториите на ДИЦ.

Стручниот испит се реализираше од комисии за спроведување стручен испит формирани од директорот на Државниот испитен центар, во состав: наставник од училиште по соодветен предмет, претставник од БРО/ЦРСО и претставник од ДИЦ.

Претставниците од БРО и ЦРСО беа номинирани од соодветните институции, додека наставниците од училиштата беа избрани на јавен конкурс.

Резултати:

- изготвено известување (јавен повик) за полагање стручен испит за наставници и стручни соработници – пролетна и есенска испитна сесија;
- изготвени јавни повици за избор на надворешни соработници – членови на комисија за полагање стручен испит;
- ревидирани урнеци на записници, извештаи, формулари и други документи кои се потребни за успешна имплементација и реализација на стручниот испит;
- ревидирани процедури за полагање стручен испит;
- примени документи од 866 кандидати за стручен испит за двете испитни сесии и направено посебно досие за секој кандидат;

- направена и ажурирана електронска база на податоци за сите кандидати кои се пријавиле за стручен испит за пролетната и есенската испитна сесија;
- изготвени и ажурирани решенија за комисии за стручен испит;
- разгледани досиеја од 866 кандидати од соодветните комисии и контактирани кандидати согласно потребите;
- изготвени, архивирани и испратени дописи со детални образложенија за кандидатите за стручен испит кои не ги исполнуваат условите за полагање;
- контактирани сите кандидати кои се пријавиле за полагање на стручниот испит и ги исполнуваат условите;
- организирани и спроведени испити за кандидатите кои исполнувале услови за полагање во пролетната и есенската испитна сесија;
- изготвени, архивирани и издадени уверенија за положен стручен испит на кандидатите кои успешно го положиле испитот;
- изготвени записници од испитот за секој кандидат кој полагал стручен испит и тие се архивирани и внесени во електронската база;
- изготвени извештаи од испитите по предмети и извештаи за исплата на членовите на комисиите;
- одговорени дописи во врска со спроведувањето на стручниот испит;
- контактирано преку дописи, по телефон и лично со физички лица и надлежни институции во врска со стручниот испит.

## 5.5 МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ (ПИСА, ТИМСС, ПИРЛС, ТАЛИС, ИЦИЛС И ИЦЦС)

Државниот испитен центар во 2025 година реализираше активности за меѓународните студии:

- TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study);
- PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study);
- PISA (Programme for International Students Assessment);
- TALIS (Teaching and Learning International Survey);
- ICILS (International Computer and Information Literacy Study);
- ICCS (International Civic and Citizenship Study).

• ПИСА

ПИСА е најголема светска меѓународна студија во образованието која ги мери способностите и знаењата на учениците на крајот на задолжителното образование, односно се мери подготвеноста на учениците за животот на возраст од 15 години во три подрачја:

- Оспособеност за читање со разбирање – и критички пристап во читањето пишани материјали;
- Математичка писменост – читање, интерпретирање и решавање даден проблем со организирање и толкување на дадени информации и избирање метод за решавање;
- Писменост во природните науки – препознавање научни прашања, користење научни знаења, идентификување на содржината во научните истражувања и поврзување на научните податоци со докази и заклучоци.

ПИСА 2025

Во 2025г., Центарот го спроведе главното тестирањето за ПИСА 2025 во периодот април – мај 2025 година. За таа цел беа реализирани следните активности:

- завршено оценување на пробното ПИСА-тестирање;
- испратени податоци од оценувањето и кодирањето од ПИСА пробното тестирање;
- прочистени и верификувани податоци од пробното тестирање;
- ревидирани задачи и прашалници за главното ПИСА-тестирање;
- адаптирани и преведени материјали и упатствата за училишните координатори и тестаторите;
- ревидирани и коригирани упатства за оценување според насоките од меѓународниот ПИСА- тим;
- спроведени обуки за координаторите на училиштата;
- остварена комуникација со училиштата и прибрани податоци за главното тестирање;
- изготвен примерок за главното тестирање;
- изготвени промотивни постери и видеоматеријали за ПИСА;
- подготвена опрема (софтвер и хардвер) за офлајн и онлајн методот на тестирање;
- тестирани процедури и опрема за спроведување на офлајн- и онлајн-методот за главното ПИСА-тестирање;
- спроведени обуки за оценувачите и кодерите;
- спроведено главно тестирање во избраните училишта;
- набљудување на спроведувањето на главното ПИСА-тестирање во училиштата;
- спроведено оценување и кодирање на главното тестирање;
- испратени податоци од оценувањето и кодирањето од ПИСА главното тестирање;
- прочистени и верифицирани податоци од главното тестирање;
- посетени онлајн-обуки организирани од меѓународниот ПИСА-тим;
- пополнети и испратени анкети кои ги спроведува ОЕЦД во врска со ПИСА и образовниот систем во нашата земја;
- обезбедена постојана поддршка за училишните координатори преку е-пошта и телефон;
- навремено доставени сите материјали (упатства, презентации, промотивни материјали, линкови, лозинки и слично) до училишните координатори;
- навремено собрани сите потребни податоци од училиштата пред и по тестирањето;
- остварена постојана комуникација со меѓународниот ПИСА-тим.

• ТИМСС

ТИМСС е меѓународна студија по математика и природната група предмети, која ги мери знаењата и способностите на учениците по математика и по предметите од природната група кај нас во четврто одделение. Преку прашалниците за учениците, наставниците и директорите се добиваат податоци за тоа како културната средина, наставната практика, целите на наставните програми и систематското уредување на образованието влијаат врз постигањата на учениците.

Математичките, како и знаењата и способностите по физика, хемија, биологија и географија се клучни за интелектуалниот растеж на секој поединец, како претпоставка за понатамошно успешно образование и професионален напредок. Затоа и целта на учеството на нашата држава во оваа студија е творците на образовната политика и истражувачите во полето на образованието да знаат колкаво е нивото на математичката писменост и писменоста по природните науки кај учениците на крајот од четвртото одделение и кои фактори влијаат врз тие постигања. Мерењето на постигањата во оваа студија има две димензии: содржинска и когнитивна.

Во 2025 година се работеше на:

- обработка на резултатите од ТИМСС 2023, објавување на извештај и нивна дисеминација;
- прочистување, потврдување и анализа на резултатите од лонгитудиналната студија ТИМСС 2023 и нивно објавување;
- подготовки за реализација на пробната студија ТИМСС 2027.

Резултати:

- реализирана дисеминација на резултатите од ТИМСС 2023 со советниците од БРО, претставници од МОН, ДПИ и училиштата;
- обработени и анализирани податоците од главното тестирање ТИМСС 2023 по училиште;
- изготвен и објавен електронски извештај со резултатите од ТИМСС 2023 на ниво на држава и по училиште;
- длабинска анализа на податоците од ТИМСС 2023, изготвен труд, позитивно рецензиран од меѓународни рецензенти и претставен на 11. Меѓународна IEA конференција во Рим;
- проверени, анализирани и потврдени резултатите од лонгитудиналната студија ТИМСС 2023;
- учество на панел-дискусија при објавување на меѓународните резултатите од лонгитудиналната студија ТИМСС 2023;
- прибрани податоци за избор на примерок на училишта, изготвена и доставена до ИЕА Рамка за земање примероци, изготвен примерок на училишта за пробното ТИМСС2027 тестирање;
- преведени ајтеми на македонски и на албански јазик за ТИМСС 2027;
- преведени прашалници (Прашалник за ученик, Прашалник за родител, Прашалник за наставник и Прашалник за директор на македонски и на албански јазик) за ТИМСС 2027;
- преведени Упатство за тест-администратор и Упатство за координатор на македонски и на албански јазик за ТИМСС 2027;
- постојана комуникација со ИЕА во врска со ТИМСС;
- остварена редовна комуникација со МОН во врска со ТИМСС.

• ПИРЛС

ПИРЛС е меѓународна студија за мерење на постигањата на учениците во Читање со разбирање, односно оспособеноста за читање на 9- до 10-годишна возраст. Оспособеноста за читање со разбирање кај секое дете обезбедува основа за понатамошно учење и развој, како и вклучување во непосредната околина и пошироко во општеството. Целите на учеството во оваа студија е да се добијат валидни податоци поврзани со читањето, и тоа: процесот на разбирање, целите заради кои учениците читаат, како и навиките и ставовите за читањето.

Во 2025 година, ИЕА ја издаде збирката истражувања „Dinaric Perspectives on PIRLS 2021" посветена на резултатите на земјите од Балканскиот Регион. Во збирката се поместени и две истражувања во кои учествуваат автори од Државниот испитен центар.

Главниот акцент во 2025 година беше ставен на реализација на пробното тестирање за ПИРЛС 2026 и подготовки за реализација на главното тестирање ПИРЛС 2026.

Резултати:

- преведени нови ајтеми на македонски и на албански јазик за пробното тестирање ПИРЛС 2026;
- преведени прашалници (Прашалник за ученик, Прашалник за родител, Прашалник за наставник и Прашалник за училиште на македонски и на албански јазик) за пробното тестирање ПИРЛС 2026;
- преведени Упатство за тест-администратор и Упатство за координатор на македонски и на албански јазик за ПИРЛС 2026;
- обучени координатори, тест-администратори и директори на училишта за спроведување на пробното тестирање;
- реализирано пробно тестирање за ПИРЛС 2026 година во 26 училишта на примерок од околу 900 ученици;
- прибрани резултати, прочистени и испратени до ИЕА за обработка;
- обучени оценувачи и реализирано оценување;
- преведени нови ајтеми и коригирани ајтеми од ПИРЛС 2021 на македонски и на албански јазик, за главното тестирање ПИРЛС 2026;
- коригирани прашалници за главното тестирање ПИРЛС 2026;
- остварена комуникација со 150 основни училишта избрани во примерокот за главното тестирање;
- постојана комуникација со ИЕА во врска со ПИРЛС 2026;
- учество на четвртата и петтата средба на националните координатори за ПИРЛС 2026;
- учество на состаноците и други активности за ПИРЛС 2026, организирани од ИЕА.

- ТАЛИС

ТАЛИС е меѓународното истражување на ОЕЦД за наставата и учењето. Претставува најголемо меѓународно истражување за наставниците и директорите, работните услови, срединиte за учење, верувањата и практиките и служи како глобален барометар на наставничката професија.

Во 2025 година се работеше на прочистување на резултатите од реализираното истражување и нивна проверка.

Резултати:

- прочистени и прифатени бази на податоци до ИЕА од спроведената главна студија;
- проверена и потврдена анализа на податоците од спроведената главна студија во 200 основни училишта;
- остварена редовна комуникација со ИЕА и ОЕЦД во врска со ТАЛИС 2024;
- остварена редовна комуникација со МОН во врска со ТАЛИС 2024.

- **ИЦИЛС**

ИЦИЛС е меѓународна студија за компјутерска и информациска писменост од големи размери, која е целосно фокусирана на образованието за дигитална писменост. Оваа студија обезбедува мерки што можат да се користат за следење на промените во постигнувањата на учениците во развојот на вештините за компјутерска и информациска писменост (CIL) во 21 век.

Студијата ја спроведува Меѓународната асоцијација за евалуација на образовните постигнувања (International Association for the Evaluation of Educational Achievement – IEA), организација која се занимава со анализа на образовните системи на глобално ниво.

Како меѓународно и компаративно истражување, ИЦИЛС систематски ја следи подготвеноста на учениците од осмо одделение за живот во ерата на дигиталните технологии, проценувајќи ги нивните способности за користење на информациско-комуникациските технологии (ИКТ) за различни цели, на начини што ја надминуваат основната употреба на ИКТ.

Во 2025 година се работеше на развој на нови прашалници за ученици, наставници и директори и финализирање на Рамката за оценување на ИЦИЛС 2028 (ICILS 2028 Assessment Framework) со нови теми: Генеративна вештачка интелигенција (AI) и дигитална благосостојба.

**Резултати:**

- остварени контакти со МОН, ИЕА и ОЕЦД за склучување договор за учество на РС Македонија во новиот циклус на студијата;
- остварена комуникација со ИЕА и ОЕЦД во врска со проектот ИЦИЛС;
- учество во развојот на Рамката за оценување со нови теми: генеративната вештачка интелигенција (ВИ) и дигиталната благосостојба;
- учество во развој на нови прашалници за ученици, наставници и директори, со посебен акцент на интеграцијата на прашања поврзани со употребата и перцепцијата на ВИ во образованието, како и прашања за дигиталната благосостојба;
- учество во дефинирање задачи за домените CIL (Computer and Information Literacy) и CT (Computational Thinking);
- вклучување во Европската образовна дигитална агенда преку ИЦИЛС 2028;
- учество на тековни состаноци во ДИЦ и други активности на онлајн-платформата за ИЦИЛС, во врска со новите информации и податоци за новиот циклус на студијата.

- **ИЦЦС**

ИЦЦС е меѓународна студија со која се оценуваат знаењата, ставовите и ангажманот на осмоодделенците, како и школувањето и наставниот контекст за граѓанско образование. Во 2025 година нашата држава се вклучи и во дополнителниот модул на ИЦЦС кој ги вклучи учениците од втора година средно образование. Учеството во ИЦЦС им обезбедува на земјите обемни, компаративни и функционални податоци и индикатори кои помагаат во следењето и обликувањето на образовните политики во овие области. Циклусот ИЦЦС 2027 ќе биде целосно дигитално оценување. Овој начин на спроведување се смета за особено соодветен за младите луѓе со оглед на тоа што тие сè повеќе ги користат дигиталните извори за добивање информации и за нивниот ангажман во граѓанските активности преку социјалните медиуми и алатките базирани на интернет. Податоците од ИЦЦС се препознаени како главен постоечки извор на податоци за индикаторот SDG 4.7.4 на УНЕСКО – процент на ученици по возрасна група (или ниво на

образование) кои покажуваат соодветно разбирање на прашањата што се однесуваат на глобалното граѓанство и одржливост.

Поради вклучувањето на нашата држава во дополнителниот модул кој ги опфаќа учениците од втора година, ДИЦ во 2026 и 2027 година ќе добие донација од вкупно 100 000 евра од Европската комисија со цел покривање на националните трошоци за студијата.

Во 2025 година активностите беа насочени кон подготовка за реализација на пробното тестирање во 2026 година.

Резултати:

- прибрани податоци за бројот на ученици во осмо одделение од сите основни училишта и за учениците од втора година од сите средни училишта;
- избран примерок од 30 основни училишта во кои ќе се спроведе пробното тестирање на примерок од околу 1 000 ученици од осмо одделение;
- избран примерок од 25 гимназии и 25 средни стручни училишта во кои ќе се спроведе пробното тестирање на примерок од околу 1 000 ученици од втора година;
- преведени прашалници за основно образование, на македонски и на албански јазик: два прашалници (интернационален и европски прашалник) за учениците од осмо одделение кои ќе бидат тестирани, прашалник за наставниците кои предаваат во осмо одделение и прашалник за директорите на избраните основни училишта;
- преведени прашалници за средно образование, на македонски и на албански јазик, посебно за гимназиите и за стручните училишта: два прашалници (интернационален и европски прашалник) за учениците од втора година кои ќе бидат тестирани и прашалник за директорите на избраните основни училишта;
- преведени тестови за ученици од осмо одделение, на македонски и на албански јазик;
- постојана комуникација со ИЕА во врска со ИЦЦС 2027;
- учество на третата средба на националните координатори за ИЦЦС 2027;
- учество на состаноците и други активности за ИЦЦС 2027, организирани од ИЕА.

## 5.1. НОРМАТИВНО-ПРАВНО РАБОТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Согласно Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2025 година, Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи работеше на изготвување поединечни и општи нормативно-правни акти (одлуки, решенија и наредби) за: плата, престанок на работен однос, службено отсуство, годишен одмор, платено и неплатено отсуство од работа и државните празници, конкурси, формирање комисии, работни групи, договори и други документи. Исто така, учествуваше во изготвувањето на законски и подзаконски акти, обуки и оценувања на вработените, а вршеше и административни и општи работи за потребите на Центарот.

Резултати:

- спроведени конкурси, донесени одлуки, решенија и договори за ангажирање надворешни соработници;

- изготвени договори за ангажирање лица за вршење повремени работи во ДИЦ;
- изготвени договори кои произлегуваат од јавните набавки;
- координација, поставување и архивирање материјали во системот Е-Влада;
- изготвени одлуки кои произлегуваат од работата на Управниот одбор на Државниот испитен центар;
- спроведено полугодишно интервју за административните службеници;
- спроведено оценување на административните службеници;
- изготвен и доставен Извештај со ранг-листи на годишните оценки на административните службеници;
- изготвено решение за надоместок за успешно работење;
- изготвен и доставен План за вработување на административни службеници во Државниот испитен центар за 2026 година;
- изготвен и доставен План за генерички и специјализирани обуки за 2026 година;
- изготвен и доставен Извештај за реализација на Планот за вработување на административни службеници во Државниот испитен центар за 2025 година;
- изготвен и доставен Извештај за реализација на Планот за генерички и специјализирани обуки за 2025 година;
- изготвен План за користење на годишниот одмор на вработените во ДИЦ за 2025 година;
- континуирано внесување на измените во податоците за вработените во информацискиот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР);
- реализирана постапка за вработување;
- изготвени и доставени до Државниот архив на РСМ – План на архивски знаци за распоредување на актите за 2026 година, листа на архивски материјал за 2026 година на Државниот испитен центар, листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2026 година, со одлука за нивно однесување;
- доставени образложенија, материјали, податоци и известувања до надлежни институции.

## 5.7 ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Во Одделението за финансиски прашања задачите што се планирани со Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2025 година се спроведуваа согласно Законот за Државниот испитен центар, Законот за извршување на буџетот, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за јавните набавки, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, како и други подзаконски акти од областа на финансиско-материјалното работење.

Резултати:

- спроведени се вкупно 18 (осумнаесет) јавни набавки од кои:

***9 (седум) јавни набавки за стоки:***

- ✓ јавна набавка на гориво за службени возила;
- ✓ јавна набавка на канцелариски материјали;
- ✓ јавна набавка на тонери;
- ✓ јавна набавка на бои и иглици за печатење тестови;
- ✓ јавна набавка на компјутерска опрема и друга ИТ-опрема;

- ✓ јавна набавка на средства за хигиена;
- ✓ јавна набавка на мрежен безбедносен уред – Firewall;
- ✓ јавна набавка на тригодишни лиценци за антивирусен софтвер;
- ✓ јавна набавка на клима-уреди.

*9 (девет) **јавни набавки за услуги:***

- ✓ јавна набавка на услуга за дистрибуција на испитен материјал за државна матура;
- ✓ јавна набавка на услуга за објава на огласи во дневни весници;
- ✓ јавна набавка на изнајмување на простор за реализација на обуки;
- ✓ јавна набавка на одржување на хигиената во просториите на ДИЦ;
- ✓ јавна набавка на авиобилети;
- ✓ јавна набавка на услуга за сместување и угостителски услуги за оценувачи на тестови за државна матура;
- ✓ јавна набавка на угостителски услуги („пакети за ручек") за оценувачите на државната матура 2024/2025;
- ✓ јавна набавка на СИМ-картички за службените мобилни телефони (услуга за мобилна телефонија) за две години;
- ✓ јавна набавка на поправка и тековно одржување на машини, фотокопири и принтери.

*6 (шест) **јавни набавки до 1 000 евра, од мала вредност:***

- ✓ јавна набавка на софтвер за сметководство, благајна, магацинско работење и пресметка на плата;
- ✓ јавна набавка на вода за пиење;
- ✓ јавна набавка на доградба на софтвер за апликацијата за државната матура;
- ✓ јавна набавка на лиценци за канцелариски софтвер;
- ✓ јавна набавка на поправка и тековно одржување на ПП-апарати;
- ✓ јавна набавка на ЛЕД-панели.

Исто така, во 2025 година во Одделението за финансиски прашања беа:

- изготвени измени и дополнувања на Планот за јавни набавки за 2025 година;
- исплатени фактури за комунални услуги;
- исплатени фактури по основ на јавни набавки;
- исплатени фактури за надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор;
- исплатени надоместоци за членовите на Државниот матурски одбор;
- исплатени хонорари за ангажирани надворешни соработници за реализација на државната матура 2024/2025 година;
- исплатени хонорари за ангажирани надворешни соработници за реализација на меѓународното тестирање ПИСА;
- исплатени хонорари за ангажирани надворешни соработници за реализација на ТИМСС;
- исплатени хонорари за ангажирани надворешни соработници за реализација на ТАЛИС;
- исплатени надоместоци на членовите на Комисијата за полагање на испит за директор;
- исплатени надоместоци на членовите на Комисијата за полагање стручен испит на наставници и стручни соработници;
- исплатени хонорари за лицата ангажирани како обучувачи;
- направено е контирање и книжење на целокупната финансиска документација;
- континуирано водење синтетичка и аналитичка евиденција;
- подигната готовина и извршена исплата на готовина;
- изработени касови извештаи;

- реализиран поврат на средства по основ на уплатени средства за поднесени приговори;
- направени пресметки на плата и изготвување потврди за висината на личниот доход на вработените;
- подготвена пресметка и документација за боледување;
- изготвени статистички извештаи за вработени и плати (Образец Труд - 1);
- направено книговодствено усогласување на извршените пописи;
- направена пресметка на амортизација и ревалоризација;
- изготвен Годишен извештај за остварени бруто-приходи, платен данок и придонеси и вкупна нето-плата;
- изготвени финансиски извештаи и бруто-биланс за изготвување годишна завршна сметка.

## 5.8 ЗАЕДНИЧКИ И ОПШТИ РАБОТИ

За реализација на активностите предвидени во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2025 година, сите организациски единици учествуваа во обезбедување поддршка за нивно остварување, преку објавување информации на веб-страницата, обезбедување техничка опрема и софтверски решенија, уредување и печатење документи, обезбедување на просториите и опремата на Центарот и слично.

Резултати:

- континуирано објавување информации и документи на веб-страницата на Центарот, согласно потребите на Центарот;
- континуирано објавување на извештаите од самоевалуацијата од основните и средните училишта на веб-страницата на Центарот;
- континуирано објавување на извештаите од интегралната евалуација од основните и средните училишта на веб-страницата на Центарот;
- континуирано објавување информации и документи на веб-страницата за државната матура;
- набавена и инсталирана соодветна техничка опрема и соодветни софтверски решенија со цел подобрување на техничките капацитети на Центарот;
- извршено одржување на компјутерската и мрежната инфраструктура;
- технички уредени и испечатени сите тековни службени документи на Центарот;
- континуирано примање и заверување административни пратки, одлуки, информации, решенија, договори и други акти во деловодникот, како и класирање поштенски пратки за експедиција.
- континуирано обезбедени простории и опрема на Центарот.

# 6. УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ, КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ И ДРУГИ НАСТАНИ

Во текот на 2025 година, Државниот испитен центар бележи и активности во врска со учество на конференции, семинари и други настани, и тоа:

- организирана конференција од ДИЦ за претставување на Извештајот од државното тестирање за учениците од петто одделение;
- организирана обука од ДИЦ за „Толкување и анализа на податоците од НАП за поддршка на образовните политики";
- учество во работната група за подготовка за Поглавјето 26 – „Образование и култура" и билатералната средба во рамките на скрининг-процесот за влез на РСМ во ЕУ;
- учество на состаноци на работни групи за Нацрт-стратегијата за образование 2026 – 2032 г.;
- организирани работни состаноци од ДИЦ за изготвување на Концепцијата за испитите на крајот од средното образование;
- учество во Советот за стручно образование и обука на ЦРСО;
- учество во IPA III Надзорниот комитет за секторот „Образование, вработување и социјална политика и здравство";
- учество во Комисијата на МОН за акредитација на здруженијата на наставници кои организираат натпревари за учениците од основните училишта;
- учество во Комисија за ревизија на нострификација за средно образование;
- учество во Надзорниот одбор на Проектот „Квалитетно образование за сите" на Советот на Европа;
- учество во Генералното собрание на ИЕА;
- учество во Управувачкиот одбор на меѓународната студија ПИСА;
- учество на состаноци и обуки за имплементација на меѓународната студија ПИРЛС 2026, во организација на ИЕА;
- учество на состаноци и обуки за имплементација на меѓународната студија ИЦЦС 2027, во организација на ИЕА;
- учество на состаноци и обуки за имплементација на меѓународната студија ТАЛИС 2024, во организација на ОЕЦД и ИЕА;
- учество на состаноци и обуки за имплементација на меѓународната студија ПИСА 2025, во организација на ОЕЦД;
- учество на состаноци и обуки за имплементација на меѓународната студија ТИМСС 2023, лонгитудинална студија ТИМСС 2023 и ТИМСС 2027, во организација на ИЕА;
- излагање на труд на 11-та Меѓународна истражувачка конференција на ИЕА (IEA IRC), во Рим, Италија;
- учество на панел-дискусија при интернационалното објавување на резултатите од лонгитудиналната студија ТИМСС 2023, во Подгорица, Црна Гора;
- учество на обука за анализа на податоци од државното тестирање, организирано од Архидата, во Рим, Италија;
- учество на втората работна средба на националните координатори за меѓународната студија ИЦИЛС 2028 во 2025;
- учество во тркалезна маса со засегнати страни за иновативни средини за учење, организирано од ЈУ Центар за образование на возрасните на РС Македонија;

- Петта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, во организација ПМФ – Скопје;
- учество на Конференцијата „Регионален дијалог за образовни политики во Западен Балкан со фокус на квалитетно образование".

## 7. АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТАРОТ

Управниот одбор работеше континуирано во рамките на своите законски надлежности и согласно потребите на институцијата. Во овој период беа одржани вкупно шеснаесет седници, притоа беа донесени одлуки и подзаконски акти чие значење е суштествено за нормално функционирање на Центарот.

## 8. СОРАБОТКА

Државниот испитен центар во 2025 година континуирано соработуваше со бројни меѓународни и домашни институции, односно:

- соработка со Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за јавна администрација, Министерство за дигитална трансформација, Министерство за економија и труд, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за финансии, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, Центарот за развој на стручното образование, Центарот за образование на возрасни, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, сите средни и основни училишта, универзитети и високо-образовни и сродни установи и институции во државата и надвор од неа и др.;
- соработка со ИЕА (International Association for the Evaluation of Educational Achievement), ОЕЦД (Organisation for Economic Co-operation and Development), Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, УСАИД, МЦГО, Светска банка и центрите во државите во регионот кои се занимаваат со дејности сродни со дејностите на ДИЦ;
- соработка со медиуми.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

ДИРЕКТОР

*м-р Даниела Јовчевска-Михајловска*

# ПРИЛОГ: ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2025 ГОДИНА

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 05-92/1
28.01.-26 год.-viti
Скопје-Shkup

# ГОДИШЕН

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

# ЗА 2025 ГОДИНА

# ЗА

# БУЏЕТСКА СМЕТКА 160026150660319

# И

# СМЕТКА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ 160026150678716

**ПРИЛОГ 1 - ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА БУЏЕТСКА СМЕТКА 160026150660319**

Годишен финансиски извештај - Детален финансиски извештај за буџетската сметка 160026150660319

**ПРИЛОГ 2 – ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА БУЏЕТСКА СМЕТКА 160026150660319**

Годишен финансиски извештај по програми

**ПРИЛОГ 3 – ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СМЕТКАТА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ 160026150678716**

Годишен финансиски извештај - Детален финансиски извештај за сметка самофинансирачки активности 160026150678716

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 05 - 92/2
20.2. 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**Прилог 1**

**Годишен финансиски извештај - Детален финансиски извештај за буџетската сметка 160026150660319 од 01.01.2025 до 31.12.2025**
**Согласно извод број 82 од 31.12.2025 година**

| | Реализирани | Согласно ребаланс на буџет за 2025 година и Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетски корисници на централна власт и помеѓу фондивите |
|---|---|---|
| **401 - Основни плати за вработени** | **15,215,464.00** | **15,230,000.00** |
| 401120 - *основни плати - државни службеници* | 13,927,440.00 | |
| 401130 - *плати други вработени* | 65,570.00 | |
| 401320 - *персонален данок на доход од надоместоци* | 1,222,454.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **402 - Придонеси за социјално осигурување** | **5,932,265.00** | **6,000,000.00** |
| 402110 - *основен придонес за Пиом* | 3,982,931.00 | |
| 402210 - *основен придонес за здравствено осигурување* | 1,589,082.00 | |
| 402220 - *основен придонес за професионално заболување* | 105,953.00 | |
| 402310 - *основен придонес до Агенцијата за вработување* | 254,299.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **404 - Надоместоци** | **296,928.00** | **348,000.00** |
| 404110 - *надоместоци за годишен одмор* | 296,928.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **420 - Патни и дневни расходи** | **811,154.00** | **950,000.00** |
| 420220 - *патување во странство патни расходи* | 811,154.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **586,367.00** | **1,300,000.00** |
| 421120 - *водовод и канализација* | 22,491.00 | |
| 421210 - *централно греење* | 189,563.00 | |
| 421240 - *течни горива* | 3,000.00 | |
| 421310 - *пошта* | 68,535.00 | |
| 421320 - *телефон и телефакс* | 177,496.00 | |
| 421390 - *други трошоци за комунукација (интернет)* | 45,430.00 | |
| 421410 - *горива и масла* | 71,364.00 | |
| 421420 - *регистрација на моторни возила* | 8,488.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **423 - Материјали и ситен инвентар** | **1,620,163.00** | **1,900,000.00** |
| 423110 - *канцелариски материјали* | 1,459,844.00 | |
| 423410 - *прехрамбени продукти и пијалоци* | 54,880.00 | |
| 423710 - *средства за одржување на хигиена* | 79,951.00 | |
| 423990 - *други материјали* | 25,488.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **424 - Поправки и тековно одржување** | **496,400.00** | **500,000.00** |
| **424110** - *поправка и сервисирање на лесни возила* | **17,882.00** | |
| **424210** - *одржување на згради* | **198,474.00** | |
| **424420** - *поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема* | **41,300.00** | |
| **424430** - *поправка и одржување на машини* | **235,489.00** | |
| **424440** - *поправка и одржување на друга опрема* | **3,255.00** | |

| | | |
|---|---|---|
| **425 - Договорни услуги** | **9,418,026.00** | **11,474,000.00** |
| **425130** - *изнајмување на друг вид на простор* | **11,000.00** | |
| **425310** - *правни услуги* | **7,800.00** | |
| **425760** - *превоз на услуги во образованието* | **942,316.00** | |
| **425790** - *други образовни услуги* | **1,605,082.00** | |
| **425990** - *други договорни услуги* | **6,851,828.00** | |

| | | |
|---|---|---|
| **426 - Други тековни расходи** | **21,513,630.00** | **22,430,000.00** |
| **426110** - *членарина во меѓународни организации* | **21,341,225.00** | |
| **426210** - *расходи за репрезентација* | **5,200.00** | |
| **426410** - *објавување на огласи* | **58,154.00** | |
| **426990** - *други оперативни расходи* | **109,051.00** | |

| | | |
|---|---|---|
| **464 - Разни трансвери** | **354,621.00** | **356,000.00** |
| **464940** - *трансвери при пензионирање* | **262,820.00** | |
| **464990** - *други трансвери* | **91,801.00** | |

| | | |
|---|---|---|
| **482 - Други градежни објекти** | **17,169.00** | **89,000.00** |
| **482930** - *реконструкција на други објекти* | **17,169.00** | |

| | | |
|---|---|---|
| **485 - Вложувања и нефинансиски средства** | **377,747.00** | **450,000.00** |
| **485220** - *вложувања и нефинансиски средства* | **58,136.00** | |
| **485230** - *компјутерски софтвер* | **319,611.00** | |

| | | |
|---|---|---|
| ***Вкупно за плати и материјални трошоци*** | **56,639,934.00** | **61,027,000.00** |

**ДИРЕКТОР**

**м-р Даниела Јовчевска Михајловска**

Изготвил - Иван Петрушевски

Контролирал - Илир Синани

**Прилог- 2**

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ПО ПРОГРАМИ ЗА 2025 ГОДИНА

**Буџетска сметка 160026150660319**

**согласно извод бр. 82 од 18.12.2025 година**

**Програма 30-Подготовка и реализација на Државна матура**

| Ставка | Реализација | Ребаланс на Буџет 2025 година |
|---|---|---|
| 401 - основни плати за вработени | 15,215,464.00 | 15,215,464.00 |
| 402 - основни придонеси за вработени | 5,932,265.00 | 5,932,325.00 |
| 404 - надоместоци | 296,928.00 | 296,928.00 |
| 420 - патни и дневни расходи | 379,486.00 | 500,000.00 |
| 421 - комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 553,255.00 | 1,000,000.00 |
| 423 - материјали и ситен инвентар | 1,464,343.00 | 1,500,000.00 |
| 424 - поправки и тековно одржување | 496,400.00 | 500,000.00 |
| 425 - договорни услуги | 8,217,278.00 | 9,474,000.00 |
| 426 - други тековни услуги | 104,635.00 | 200,000.00 |
| 464 - разни трансвери | 354,621.00 | 356,000.00 |
| 482 - други градежни објекти | 17,169.00 | 89,000.00 |
| 485 - вложувања и нефинансиски средства | 377,747.00 | 450,000.00 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | 33,409,591.00 | 35,513,717.00 |

**Програма 32-Меѓународни тестирања**

| Ставка | Реализација | Ребаланс на Буџет 2025 година |
|---|---|---|
| 420 - патни и дневни расходи | 288,171.00 | 300,000.00 |
| 421 - комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 33,112.00 | 300,000.00 |
| 423 - материјали и ситен инвентар | 155,820.00 | 250,000.00 |
| 425 - договорни услуги | 814,769.00 | 1,500,000.00 |
| 426 - други тековни расходи | 21,406,817.00 | 22,000,000.00 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | 22,698,689.00 | 24,350,000.00 |

**Програма 33 - Национално тестирање**

| Ставка | Реализација | Ребаланс на Буџет 2025 година |
|---|---|---|
| 420 - патни и дневни расходи | 143,497.00 | 150,000.00 |
| 425 - договорни услуги | 385,979.00 | 500,000.00 |
| 426 - други тековни услуги | 2178.00 | 230,000.00 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | 531,654.00 | 880,000.00 |

Изготвил:
Иван Петрушевски

Контролирал:
Илир Синани

**ДИРЕКТОР**
**м-р Даниела Јовчевска Михајловска**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE Скопје-Shkup

**ПРИЛОГ - 3**

**Годишен финансиски извештај - Детален финансиски извештај за сметка самофинансирачки активности 160026150678716 од 01.01.2025 до 31.12.2025**

**согласно последниот извод бр. 206 од 31.12.2025**

| | Реализирани | Буџет 2025 година |
|---|---|---|
| **401 - Основни плати за вработени** | 2,147,891.00 | 2,147,891.00 |
| 401120 - *основни плати - државни службеници* | 1,004,051.00 | |
| 401130 - *плати други вработени* | 929,327.00 | |
| 401310 - *персонален данок на доход од плата* | 214,513.00 | |
| **402 - Придонеси за социјално осигурување** | 834,126.00 | 834,126.00 |
| 402110 - *основен придонес за Пиом* | 560,059.00 | |
| 402210 - *основен придонес за здравствено осигурување* | 223,446.00 | |
| 402220 - *основен придонес за професиосnално заболување* | 14,886.00 | |
| 402310 - *основен придонес до Агенцијата за вработување* | 35,735.00 | |
| **420 - Патни и дневни расходи** | 35,098.00 | 300,000.00 |
| 420120 - *патување во земјата патни расходи* | 20,000.00 | |
| 420220 - *патување во странство патни расходи* | 15,098.00 | |
| **421 - комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 1,777.00 | 500,000.00 |
| 421120 - *водовод и канализација* | 1,777.00 | |
| **423 - Материјали и ситен инвертар** | 363,505.00 | 1,000,000.00 |
| 423110 - *канцелариски материјали* | 327,096.00 | |
| 423990 - *други материјали* | 36,409.00 | |
| **424 - Поправки и тековно одржување** | 269,072.00 | 500,000.00 |
| 424210 - *одржување на згради* | 228,539.00 | |
| 424420 - *поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема* | 8,260.00 | |
| 424440 - *поправка и одржување на машини* | 32,273.00 | |
| **425 - Договорни услуги** | 4,226,965.00 | 5,000,000.00 |
| 425110 - *изнајмување на канцелариски простор* | 42,234.00 | |
| 425130 - *изнајмување на друг вид на простор* | 1,462,893.00 | |
| 425790 - *други образовни услуги* | 2,178,426.00 | |
| 425990 - *други договорни услуги* | 543,412.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **426 - Други тековни расходи** | **122,548.00** | **500,000.00** |
| 426210 - *расходи за репрезентација* | 15,000.00 | |
| 426310 - *семинари и конференции* | 19,210.00 | |
| 426410 - *објавување на огласи - конкурси* | 43,974.00 | |
| 426990 - *други оперативни расходи* | 44,364.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **480 - Купување информатичка и видео опрема** | **333,585.00** | **1,500,000.00** |
| 480140 - *купување на информатичка и видео опрема* | 278,125.00 | |
| *480160 - купување на опрема за греење и климатизација* | 55,460.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **482 - Други градежни објекти** | **0.00** | **500,000.00** |

| | | |
|---|---|---|
| **485 - Вложувања и нефинансиски средства** | **0.00** | **500,000.00** |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупни расходи** | **8,334,567.00** | **13,282,017.00** |

| | |
|---|---|
| **723 - Такси и надоместоци (ПРИХОДИ)** | **7,822,470.00** |
| | **7,822,470.00** |

**ДИРЕКТОР**
**м-р Даниела Јовчевска Михајловска**

Изготвил - Иван Петрушевски
Контролирал - Илир Синани

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
02-97/2
29.01. 26

Врз основа на член 7 став 1 алинеја 4 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 59/25), во врска со член 13 став 1 алинеја 11 и член 14 став 7 од Статутот на Државниот испитен центар бр. 01-9/1 од 23.11.2009 година, бр. 02-34/1 од 14.1.2011 година и бр. 01-228/2 од 6.5.2015 година, Управниот одбор на Државниот испитен центар на 200-та седница, одржана на ден 29.1.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за донесување на Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар за 2025 година и Финансискиот извештај на Државниот испитен центар за 2025 година

1. Со оваа одлука се донесува Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар за 2025 година и Годишниот финансиски извештај на Државниот испитен центар за 2025 година, составен дел на истиот.
2. Се задолжуваат службите на Државниот испитен центар Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар за 2025 година и Годишниот финансиски извештај на Државниот испитен центар за 2025 година, составен дел на истиот, да го достават до Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука, најдоцна до 31.1.2026 година.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 7 став 1 алинеја 4 од Законот за Државниот испитен центар и член 13 став 1 алинеја 11 од Статутот на Државниот испитен центар, Управниот одбор на Државниот испитен центар го донесува Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар и го доставува до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Македонија, најдоцна до 31 јануари.

На седницата одржана на ден 29.1.2026 година, Управниот одбор го разгледа текстот на Предлог-извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2025 година бр. 01-97/1 од 29.1.2026 година и Годишниот финансиски извештај на Државниот испитен центар за 2025 година бр. 05-92/1 од 28.1.2026 година, составен дел на истиот, донесени од страна на директорот на Државниот испитен центар.

**Со оглед на горенаведеното, присутните членови на Управниот одбор едногласно го донесоа Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар за 2025 година и Годишниот финансиски извештај на Државниот испитен центар за 2025 година.**

Претседател на Управниот одбор на
Државниот испитен центар

Hikmete Selmani